**Известување за концентрација со која ЕЛКЕМ АСА, Норвешка , Хидро Енерги Инвест АС, Норвешка и АЛТОР ФАНД МЕНАЏЕР АБ, Шведска ќе стекнат контрола над Вианоде, Норвешка (предмет бр. 08-103/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.07.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **ЕЛКЕМ АСА**, со седиште на Драменсваіен 169, Осло, Норвешка, **ХИДРО ЕНЕРГИ ИНВЕСТ АС**, со седиште на Драменсваіен 264, Осло, Норвешка, И Алтор Фанд V (бр. 1) АБ и Алтор Фанд V (бр. 2) АБ, управувани и контролирани од **АЛТОР ФАНД МЕНАЏЕР АБ**, со седиште на Јакобсгатан 6, 111 Стокхолм, Шведска има намера на стекнување индиректно заедничка контрола над друштвото **Вианоде**, со седиште на Драменсваіен 169, Осло, Норвешка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Елкем АСА** е производител на силикони, легури за леарната индустрија, јаглерод и микросилициум, и глобален добавувач на напредни решенија за материјали, со седиште во Осло, Норвешка. Елкем котира на Берзата во Осло.

**Хидро Енерги Инвест** е во целосна сопственост на Хидро Енерги АС, кое пак е во целосна сопственост на Норск Хидро АСА (*Norsk Hydro ASA*), норвешко друштво за алуминиум и енергија основана во 1905 година. Норск Хидро АСА, кое е крајното матично друштво на Групацијата Хидро, котира на Берзата во Осло.

**Алтор Фанд V** е приватен капитален фонд, кој се фокусира на инвестиции во средниот пазарен сегмент на нордискиот регион, како и инвестиции во германското говорно подрачје. Алтор Фанд V се состои од неколку шведски друштва со ограничена одговорност: управителот на фондот, Алтор Фанд Менаџер АБ (*Altor Fund Manager AB*) и двата фонда преку кои инвеститорите на фондот инвестираат на пропорционална основа (Алтор Фанд V (бр. 1) АВ и Алтор Фанд V (бр. 2) АБ). Алтор Фанд V е управуван од Алтор Фанд Менаџер АБ.
Стратешката компанија за инвестирање на Алтор Фанд Менаџер АБ, Транском има претпријатие ќерка во Република Северна Македонија – Агенција за маркетинг Сити Конект ДОО Скопје, ул. 11 Октомври бр.1/2 Скопје.

**Вианоде**, претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Елкем, е производител на одржливи анодни материјали за батерии. Вианоде е норвешко друштво со ограничена одговорност. Вианоде произведува активни анодни материјали, со фокус на материјали засновани на синтетички графит и потенцијално композити од силикон-графит, при што второто моментално е во фаза на истражување и развој.

Според подносителот на известувањето релевантен пазар на кој се однесува концентрацијата на пазарот за производство и набавка на анодни материјали за батерии.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпаѓне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.08.2022 година
Скопје